1826

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
28. XI. 1967

*Никола Мартиноски за себе*

# Кон техничка максима во својот правец

**НАГРАДАТА** АВНОЈ, што по втор пат се доделува за врвни достигања во науката и уметноста, годинава ја доби и македонскиот академски сликар, академикот Никола Мартиноски. Минатата година ова југословенско признание го доби Блаже Конески.

Наградата АВНОЈ е најголемата награда што досега ја добил Мартиноски, како што самиот ни рече, со оглед на значењето на празникот во чија чест се доделува. Оваа награда, може да се каже, е крупна во наградите што досега Мартиноски ги добивал за своето сликарство, почнувајќи од I награда за дипломска работа уште во 1927 година, во Букурешт, каде студирал, па низ наградите на град Скопје (1953 и 1955), Октомвриската награда (1959) и наградата за животно дело (1964). Никола Миртиноски е и добитник на Сребрена плакета на Сојузот на ликовните уметници на Југославија (1964 г., на Белградското триенале) — за модерна уметност, и носител на Орден заслуги за народ од I степен и Орден на трудот со црвено знаме.

Со Мартиноски разговаравме речиси веднаш по часот кога му беше соопштено дека е удостоен со ова високо признание. Тогаш ни рече дека наградата е од значење и за нашата Република и дека е признание на нашата ликовна култура. Дека е и стимул за младите уметници.

**ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ, ИСТО** како и литературата, остава траги. Литературата остава траги на мисла, култивирана мисла, ликовната уметност врши исто мисија во културата на еден народ. Оваа уметност се презентира и во странство — сликарството на средната и младата генерација се манифестира на меѓународни изложби со мошне голем успех, на пример уметноста на Кондески. Тоа значи дека и сликарството остава траги што се наши и во сето човештво.

**Плановите?**

**МОМЕНТНО РАБОТАМ** на изложба што идната година, во есента, ќе ја отвори Музејот за современа уметност во Скопје. Тоа ќе биде голема изложба на слики, цртежи, графики и темпери. Една од најголемите изложби што сум ги имал до сега. Планирано е: маслата да би дат презентирани во Салонот на Музејот, графиката во Галеријата, темперите и гвашот во Работничкиот дом-универзитет. Во август идната година ќе биде отворена галеријата во Крушево. Правам сѐ за таа галерија: ги подготвувам старите трудови, работам нови. Патем, ме радува што таа галерија се отвора во моето родно место и што, можеби, тоа е единствен случај во Републиката на еден сликар да му биде изградена галерија. Во Југославија досега има своја галерија само уште Коњовиќ, во Сомбор.



Никола Мартиноски

**Моментно вашето сликарство?**

**ТОА Е СИНТЕЗА ГРАФИЧКА**, синтеза колористична. Тоа, всушност, е, или треба да биде во секоја слика, во секое сликарство. Правците не одлучуваат. Не одлучуваат ни мотивите. Секој уметник тежнее да постигне техничка максима во својот правец. За да се достигне тоа има стотина компоненти низ кои се доаѓа до техничка зрелост: таа максима кај Французите, на пример, е во импресионизмот и кај Пикасо.

**Македонското сликарство, развојот?**

**СРЕДНОВЕКОВНОТО Е ГОЛЕМО** сликарство. Во 19 век бевме во голема декаденца, со иконографијата, по појавувањето на нашата модерна (периодот 1925—1940). Трагите што таа наша уметност ги остави се хумани: на малиот човек му беше дадена уметност. Работата на ликовен план се прошири и низ настава (беше формиран шестмесечен курс за наставници и беше основано художествено училиште). Сега, друштвото на ликовните уметници има повеќе од 100 члена.